РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3258/3
07-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 51 - та седница, прво продолжение, одржана на ден 01.09.2021 година ДКСК донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2856/1 од 27.08.2020 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2856/1 од 27.08.2020 година.

Предметот со број 09-2856/1 од 27.08.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2856/1 од 27.08.2020 година е оформен врз основа на анонимна пријава, со наводи дека лицето -------, вработена во ------- користи туѓа нега, која согласно пријавителот ја искористила позицијата дека е вработена во оваа институција и остварила право на користење на овој вид на помош..

Државната комисија, на седницата одржана на ден 31.08.2021 година констатира дека согласно Законот за социјалната заштита, надлежен орган за вршење надзор над спроведување на одредбите од тој закон врши Министерството за труд и социјална политика.

Имено, министерството врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk